522.

**PRES-SERVIS**
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
20 XII. 1965

**Профили**

# Ристо Димовски скулптор—самоук

### Најголема желба: да ја заврши Ликовната академија во Белград

За Ристо Димовски, 17-годишен скулптор-самоук во Битола, сите знаат. Овој талентиран младинец во својата петгодишна возраст паднал од скалата и засекогаш ги изгубил слухот и говорот. Како глувонемо момче неговите родители го запишале во Заводот за рехабилитација и корекција на говорот во Битола. Неговиот татко, елктромеханичар, го испратил потоа во Скопје, како што вели мајка му, „да учи за машинбравар.. Но Ристо не бил за тој животен позив, него го влечело нешто друго. Оттука почнува и приказната за идниот скулптор-самоук.

Ристо е мошне повлечено момче. Веќе цели пет години тој не може да остави ниту еден ден а да не „постои. во светот на уметноста. Тој постојано работи. Работи во својата спална, во тремот, во двоrот, во дворот на Народниот музеј и на Пионерскиот центар, насекаде... А неговата збирка постојано се зголемува. Од неговите вешти раце каменот, дрвото, гипсот, добиваат извонредни уметнички форми. И ние сега ги гледаме статуите на Маркс, Ленин, Тито, Иван Рибар Лола, Стив Наумов, потоа делата „Мајчинство", „Старица", разни купови, саксии, вазни... „Ателјето" на младиот уметник Димовски е премногу тесно за да ги собере триесетте скулптури што успеал да ги направи за кусиот временски период од пет години. На ѕидовите висат и цртежи, скици... Такво е „ателјето" на Ристо Димовски.

— Ќе сторам сè на Ристо да му се овозможи да ја отвори својата прва изложба, — вели неговиот татко Добри Димовски. — Ќе жртвувам многу, тој да продолжи да создава. Иако имам уште четири други деца, за Ристо мора да најдам погодни услови да работи.



Ристо Димовски меѓу своите скулптури

Талентот на младиот уметник го открил и познатиот вајар и ликовен педагог Драгутин Спасиќ од Белград. Тој дури изразил желба, ако Ристо дојде во Белград, да му создаде услови за нормал на работа. Меѓутоа, желбите се едно, а вистината друго. Затоа на овој талентиран уметник треба некој да му помогне поконкретно. Да му се помогне да ја оствари својата најголема желба: запишување на Ликовната академија во Белград. А тоа неговиот добронамерен татко не може сам да го стори.

Првата своја изложба Ристо планира да ја отвори во мај идната година.

Д. П.